ШТО ЌЕ УЧИМЕ ДЕНЕС?

Денес ќе научиме:

- да правиме листа со знаци
- да правиме нумерирана листа
- да вметнуваме слика
- да ја менуваме големината на сликата
- да направиме поуреден документ



Цел: Да создадеме документ со текст, набројување и слика.

Наставник: Леонид Крстевски

ШТО Е НАБРОЈУВАЊЕ?

Набројување е прикажување повеќе ставки една под друга во вид на листа.

Мои омилени предмети:

- Информатика
- Математика
- Англиски јазик





ВАЖНО ЗА ТЕСТ

Набројување служи за појасно и попрегледно прикажување повеќе ставки.

BULLETS

Bullets користиме кога редоследот на ставките не е важен.

Што има во мојот ранец?

- тетратка
- молив
- книга
- линијар



Цел: Не е важно дали прво ќе биде молив или книга.

NUMBERING

1. NUMBERING

Numbering користиме кога редоследот е важен.

Како да отвориме документ:

1. Отвори ја програмата.
2. Избери нов документ.
3. Внеси текст.
4. Зачувај го документот.



Запомни: **Bullets** → редоследот не е важен. **Numbering** → редоследот е важен.

АВТОМАТСКО НАБРОЈУВАЊЕ



1.
2.
3.

Не мора сами да пишуваме: 1. 2. 3.

Програмата може автоматски да го продолжува набројувањето.

Како?

1. Избери **Bullets** или **Numbering**.
2. Напиши ја првата ставка.
3. Притисни **Enter**.
4. Автоматски се појавува следниот знак или број.



ВАЖНО: Автоматското набројување само го продолжува списокот.

КОГА КОЕ ГО КОРИСТИМЕ?

Што треба да купам?

- млеко
- леб
- сок
- овошје



→ **Bullets**

Чекори за правење сендвич:

1. земи леб
2. стави сирење
3. стави шунка
4. затвори го сендвичот



→ **Numbering**

Прашање: | „Пет правила за работа во училница“ — Bullets или Numbering?

Одговор: | Во повеќето случаи → **Bullets**, затоа што нема задолжителен редослед.

Наставник: Леонид Крстевски

ВМЕТНУВАЊЕ СЛИКА

СЛИКА ВО ДОКУМЕНТ

Документот не мора да содржи само текст. Можеме да вметнеме и слика.

Најчесто: **Insert → Pictures**

1. ја избираме сликата;
2. ја вметнуваме во документот.



ВАЖНО ЗА ТЕСТ

Слика може да се вметне во документ и дополнително да се уредува.

Наставник: Леонид Крстевски

ГОЛЕМИНА НА СЛИКА

Сликата може да биде:

- ✗ премногу голема
- ✗ премногу мала
- ✓ соодветна на документот

Како ја менуваме големината?

1. Кликни на сликата.
2. Се појавуваат точки/рачки околу неа.
3. Повлечи од аголот.



ВАЖНО | Најдобро е да ја менуваме големината од агол за да не се изобличи сликата.

Наставник: Леонид Крстевски

ПОМЕСТУВАЊЕ НА СЛИКА

Сликата треба да биде поставена така што:

- ✓ не го покрива важниот текст
- ✓ документот останува читлив
- ✓ изгледа уредно

Можеме да ја поставиме:

- ← лево
- ↔ во средина
- → десно



За VI одделение | е доволно да разбереме дека сликата може да се поместува и правилно да се постави во однос на текстот.

Наставник: Леонид Крстевски

ВАЖНО ЗА ТЕСТ

Набројување – прикажување повеќе ставки една под друга во вид на листа.

Bullets – набројување со знаци, кога редоследот не е важен.

Numbering – набројување со броеви, кога редоследот е важен.

Автоматско набројување – програмата автоматски го продолжува списокот.

Вметнување слика – Insert - pictures во документ.

Сликата може да се менува по големина и да се поставува на соодветно место во документот



Запомни: | **Текст + набројување + слика = појасен и поинтересен документ.**

Наставник: Леонид Крстевски

ПРАКТИЧНА ЗАДАЧА

МОЈОТ ОМИЛЕН ПРЕДМЕТ

1. **Наслов** — МОЈОТ ОМИЛЕН ПРЕДМЕТ
2. **Краток текст** — Напиши 2–3 реченици.
3. **Листа** — Напиши 3 работи што ти се интересни во предметот со Bullets.
4. **Слика** — Вметни една соодветна слика.
5. **Уреди ја** — Промени ја големината и постави ја уредно.



Наставник: Леонид Крстевски

БРЗ КВИЗ





1. Кога користиме Bullets?

A) Кога редоследот не е важен

B) Само за наслов

C) За зачувување документ

2. Кога користиме Numbering?

A) Кога ставките се по случаен ред

B) Кога е важен редоследот

C) За слика

3. Што се случува кога притискаме Enter при автоматско набројување?

A) Се брише листата

B) Се појавува следниот знак или број

C) Се затвора програмата

4. Од кое мени најчесто внесуваме слика?

A) Insert

B) Save

C) View



5. Од каде е најдобро да ја менуваме големината на сликата?

A) Од аголот

B) Со Enter

C) Со Space

Наставник: Леонид Крстевски